ПРЕДЛОГ
# ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

октомври, 2014 година

## ВОВЕД
## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Вработувањето на лицата со инвалидност е регулирано со Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" бр. број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009 и 136/2011), кој што е донесен во 2000-та година и со истиот се уредуваат посебните услови за вработување и работење на лицата со инвалидност како и условите за основање и погодностите за работење на трговско друштво за вработување на инвалидните лица.

Со овој закон се уредуваат посебните услови за вработување и работење на инвалидните лица кога истите самостојно вршат дејност како трговец поединец, работат кај работодавец или имаат својство на работодавец, работат во државната администрација, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, агенции и фондови и други државни институции како и условите за основање и погодностите за работење на трговското друштво за вработување на инвалидни лица - заштитно друштво.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Новиот предлог со Законот за вработување на лица со инвалидност содржи решенија кои се насочени кон искористување на работната способност на лицата со инвалидност и нивна соодветна конкурентност на отворениот пазар на труд. Се воведува квотен систем за вработување на лица со инвалидност. Имено, се предлага секое претпријатие ( од јавен и приватен сектор) кој има над одреден број на вработени да има обврска да вработи лице со инвалидност.Се предлага квотата да изнесува помалку од 2% ниту повеќе до 6% од вкупниот број на вработени во зависност од дејноста која ја врши работодавачот.

Вработувањето на лицата со инвалидност се однесува на лица кои според својата инвалидност се работно способни и се оспособени да вршат одредени работи и активности. При вработувањето работпдавачот нема обврска да се води од видот и степенот на инвалидност.Изборот на лицето кое ќе се вработи ја врши самата компанија ( работодавач).

Доколку работодавачот не вработи лице со инвалидност а има таква обврска , ќе плаќа паричен надоместок во висина од 70% од минималната плата ( во бруто износ). Средствата од овој надоместок ќе се уплаќаат во посебниот фонд и ќе се користат за професионална рехабилитација на лицата со инвалидност, стручно оспособување на лицата со инвалидност, финансиска поддршка на компаниите кои ќе вработат лица со инвалидност во однос на техничка опрема, адаптација на работното место, стручно оспособување на рботниците и др.Преку воведување на квотниот систем за вработување ба лица со инвалидност се овозможува адекватна социјална инклузија на лицата со инвалидност, бидејќи тие работници под исти услови ќе конкурираат на активниот пазар на труд и ќе работат под исти услови како и останатите работници . Истовремено, компаниите станууваат општествено одговорни бидејќи вработуваат лица со инвалидност.

Новина во законот претставува законското уредување на професионалната рехабилитација на лицата со инвалидност. За почеток се предлага таа да се врши во постојните институции за образование на возраснии, установи од социјална заштита како и кај работодавач или правно лице. Професионалната рехабилитација ќе се реализира по претходно одобрен план и мерки за релаизација на истата и ќе се финансира од посебниот фонд.

Квотниот систем за вработување на лица со инвалидност постои во скоро сите европски држави и тоа : Австрија, Германија, Чешка, Словечка, Франција, Луксембург, Словенија, Хрватска, Србија, Романија, Италија.

Законот и понатаму содржи поволности за претпријатијата кои ќе вработат лица со инвалидност како и за трговските друштва кои имаат лица со инвалидност повеќе од 40% од вкупниот број на вработени, изразени преку даночни ослободувања, ослободудувања од социјалните придонеси. Покрај овие ослободувања се предлага и финансиска поддршка на претпријатијата која директно ќе биде насочена кон подобрување, олеснување на процесот на работа за лицето со инвалидност, како на пример набавка соодветно на неговите потреби. Финансиската поддршка ќе се однесува и на претптијатијата кои ќе спроведуваат професионална рехабилитација.

При подготовка на законот се користеше искуството на експерти од Меѓународната организација на трудот, а земено е во предвид искуството на неколку држави од регионот: Србија, Хрватска, Турција, Словенија и Австрија.

Исто така, на 22 мај 2014 година во Скопје, во организација на Националното координативно тело за еднакви права и можности на лицата со инвалидност при Влада на РМ се одржа меѓународна конференција на тема „Законски решенија за вработување на лицата со инвалидност“.Искуствата од другите држави се вградени во предлог текстот на законот.

Одредбите од овој закон се заснова на начелата на:

1) почитување на правата на човекот и достоинството на лицата со инвалидност;

2) целосно и ефективно учество и вклучување на лицата со инвалидност во општествениот живот;

3) поттикнување на вработувањето на лицата на соодветни работни места и соодветни услови за работа;

4) промовирање на стручна и професионална рехабилитација, задржување на работата и програми за враќање на работа за лицата со инвалидност;

5) забрана од дискриминација на лицата со инвалидност во согласност со закон;

6) еднакви права и обврски;

7) родова рамноправност на лицата со инвалидност.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските импликации кои произлегуваат од предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе се обезбедат со Буџетот на Република Македонија за 2016 година.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства за спроведувањето на предложените измени и дополнувања ќе се обезбедат со Буџетот на Република Македонија за 2016 година.

.

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се пропишуваат правата на лицата со инвалидност за вработување и работа, се уредува вработувањето и работењето на лицата со инвалидност на пазарот на труд и под посебни услови, основање и работењето на трговското друштво за вработување на инвалидни лица - заштитно друштво (во натамошниот текст: заштитно друштво), мерките за поттикнување на вработување на лица со инвалидност, самостојното вршење на дејност како самовработено лице и одговорност за повреда на одредбите од овој закон.

Член 2

(1) Лице со инвалидност, во смисла на овој закон, е лице кое има утврдени трајни телесни, сетилни, ментални или интелектуални оштетувања коишто поврзани со социјалните и другите ограничувања го спречуваат неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите граѓани.

(2) Лице со инвалидност со преостаната работна способност е лице на коешто работната способност му е намалена за повеќе од 50% во споредба со физички и психички здрав осигуреник со исто или слично образование и способност поради што не може да ги извршува работните задачи со полно работно време и може да работи со скратено работно време или да биде распределен на друга соодветна работа согласно прописите кои се однесуваат на работните односи и колективниот договор.

Член 3

Одредбите од овој закон се заснова на начелата на:

1) почитување на правата на човекот и достоинството на лицата со инвалидност;

2) целосно и ефективно учество и вклучување на лицата со инвалидност во општествениот живот;

3) поттикнување на вработувањето на лицата на соодветни работни места и соодветни услови за работа;

4) промовирање на стручна и професионална рехабилитација, задржување на работата и програми за враќање на работа за лицата со инвалидност;

5) забрана од дискриминација на лицата со инвалидност во согласност со закон;

6) еднакви права и обврски;

7) родова рамноправност на лицата со инвалидност.

Член 4

На инвалидните лица се применуваат меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

## II. ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

### Член 5

(1) На пазарот на труд лицето со инвалидност може да се вклучи :

- без финансиска поддршка или стручна поддршка бидејќи во целост е оспособен за работа на одредено работно место во однос на неговата инвалидност и утврдената преостаната работана способност;
- со користење на финансиска поддршка;
- со користење стручна поддршка преку работно оспособување и професионална рехабилитација;
- со користење на финансиска и стручна поддршка;

(2) Лицата со инвалидност може да се вработат во заштитни трговски друштва под услови определени со овој закон.

(3) Лицата со инвалидност според одредбите на овој закон може да се вработат и да работат врз основа на наод на Комисијата за оценка на работна способност.

(4) При вработување на инвалидно лице, работодавачот е должен да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место во зависност од работното место и видот и степенот на инвалидноста на инвалидното лице кое се вработува.

### Член 6

Лицата со инвалидност коишто сакаат да се вклучат на пазарот на труд треба :

1) да се јават на покана за оцена на работната способност и утврдување на статус на лице со инвалидност;
2) да се вклучи во образование и работно оспособување и усовршување;
3) да прифати професионална рехабилитација;
4) да соработува со стручни работници во текот на професионална рехабилитација, вработување и работа и да ги почитува работните обврски;
5) да ги прифатат мерките на активните политики за вработување и
6) да прифати вработување во согласност со професионалните способности.

### Член 7

(1) Работодавачи кои имаат вработено повеќе од 35 работници, освен странски, дипломатски и конзуларни претставништва и друштва, имаат обврска на соодветно работно место и со соодветни работни услови по сопствен избор да вработат лица со инвалидност, зависно од вкупниот број на вработени и дејноста која ја вршат.

(2) Квотата од став 1 на овој член не може да биде помала од 2% ниту поголема од 6% од вкупниот број на вработени кај работодавачот кој има обврска за вработување на лица со инвалидност.

( 3) Доколку пресметката за квотата од став (2) на овој член не е цел број, вредноста до 0,5% се заокружува на помалиот број а вредноста над 0,5% се заокружува на поголемиот број.

(4) За исполнување на обврската за вработување на лица со инвалидност кај работодавач се засметуваат вработените лица со инвалидност, учениците со пречки во развојот и студенти со инвалидност на пракса кај работодавачот, лица со инвалидност на работно, односно стручно оспособување за работа без засновање на

работен односно , најмногу до шест месеци и лица со инвалидност чии што редовно образование го стипендира работодавачот.

(5) Доказот за исполнување на условот за вработување на лице со инвалидност од став (3) на овој член работодавачот е должен да го достави до Агенција за вработување на Република Македонија во рок од седум дена од денот на исполнување на обврската.

(6) Вработување на лице со инвалидност од став 1 на овој член не се однесува на ново основано претпријатие во период од неговото основање до истекот на 24 -иот месец од денот на основањето.

(7) Работодавачите кои немаат обврска за вработување на лица со инвалидност од став (1) на овој член, а имаат вработено лице или лица со инвалидност, како и работодавачи кои што вработуваат повеќе лица со инвалидност од пропишаната квота од став 2 на овој член, може да остварат парична награда.

(8) Поблиските услови, начинот и висината на паричната награда од став (7) на овој член го пропишува министерот за труд и социјална политика.

(9) Владата на Република Македонија го пропишува квотниот состав за вработување на лица со инвалидност од став 2 на овој член.

Член 8

(1) Работодавачите од член 7 став (1) од овој закон кој не ги исполнуваат обврските за вработување на лица со инвалидност должни се да пресметаат и исплатат паричен надоместок.

(2) Висината на паричниот надоместок од став (1) на овој член за секое лице со инвалидност за кое што работодавачот бил должен да го вработи на месечна основа изнесува 70% од минималната плата утврдена со закон.

(3) Паричниот надоместок од став (2) на овој член се исплаќа истовремено со исплата на плата и придонесите од задолжително социјално осигурување а најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

(4) Во случај на неплаќање на паричен надоместок во пропишаниот рок, се применуваат општите даночни прописи доколку со овој закон поинаку не е определено.

(5) Паричниот надоместок се уплатува во корист на сметка на посебниот фонд на начин пропишан со акт кој го носи министерот за труд и социјална политика.

Член 9

Како самовработено лице со инвалидност според овој закон се смета:

- основање на трговско друштво и вработување во друштвото;
- основање на здружение и вработување во тоа здружение;
- вршење на занаетчиска дејност;
- вршење професионална дејност;
- носители на семејно земјоделско стопанство согласно со закон.

Член 10

(1) Лицето со инвалидност заснова работен однос со договор за вработување согласно општите прописи од работните односи, доколку со овој или друг закон поинаку не е одредено.

(2) Отказниот рок утврден со општите прописи од работните односно за лицата со инвалидност дополнително се зголемува за уште 30 дена, освен доколку отказот не е по вина на тоа лице.

Член 11

(1) Инвалидноста врз основа на поднесено барање од лице со инвалидност, родител, старател или работодавач и работите кои може да ги извршува инвалидното лице со наод ги утврдува Комисија за оцена на работната способност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија а врз основа на непосреден преглед (во натамошниот текст: Фондот). Доколку инвалидноста на лицето е утврдена од друг надлежен орган Комисијата за оцена на работната способност на Фондот ги утврдува работите кои не може да ги извршува инвалидното лице.

(2) Со акт на министерот за труд и социјална политика се пропишува начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност, задолжителната документација потребна за утврдување на инвалидноста и содржината на наодот од став (2) на овој член.

(3) Средствата за работа на Комисијата од ставот (3) на овој член се обезбедуваат од Посебниот фонд од членот 17 став (1) на овој закон.

(4) Инвалидно лице може да биде работодавач , да работи кај работодавач или самовработено лице, доколку добие позитивно мислење од комисијата од став (1) на овој член .

(5) Работодавачот е должен да го распореди инвалидното лице според наодот на Комисија за оцена на работната способност.

Член 12

(1) Агенцијата за вработување води посебен регистер за вработените лица со инвалидност, согласно со закон.

Член 13

Вработувањето на лицата со инвалидност може да се спроведува и преку оперативни планови за активните мерки и програми за вработување.

## Глава III
## ЗАШТИТНИ ДРУШТВА

Член 14

(1) Заради вработување на инвалидни лица се основаат заштитни друштва како трговски друштва. Заштитно друштво може да се основа и да работи како заштитно друштво ако вработува најмалку десет лица на неопределено време од кои најмалку 40% се лица со инвалидност од вкупниот број на вработени, од кои најмалку половината се лица со утврдена инвалидност во смисла на членот 2 став (1) од овој закон.

(2) Статусот на заштитно друштво го утврдува Агенцијата за вработување по претходно барање и документација за лицата со инвалидност кои ќе се вработат во заштитното друштво.

(3) Со акт на министерот за труд и социјална политика поблиску се уредува потребната документација за утврдување на статусот на заштитно друштво.

(4) Агенцијата за вработување со решение утврдува статус на заштитно друштво во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Против решението од став (4) на овој член работодавачот има право на жалба до министерот за труд и социјална политика, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Член 15

(1) Агенцијата за вработување месечно врши проверка дали заштитното друштво ги исполнува условите од член 14 став (1) од овој Закон преку податоците добиени од Управата за јавни приходи за месечна пресметка за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување

(2) Доколку друштвото ги исполнува условите од 14 став (1) од овој Закон, Агенцијата за вработување доставува податоци до Министерството за труд и социјална политика за да се изврши поврат на средствата по основ на придонеси на задолжително социјално осигурување.

(3) Министерството за труд и социјална политика по добивање на податоците од став (2) на овој член врши поврат на средствата по основ на придонеси на задолжително социјално осигурување.

(4) Министерот за труд и социјална политика поблиску ги пропишува начинот на поврат на средствата по основ на придонеси на задолжително социјално осигурување.

Член 16

(1) Новоосновано заштитно друштво е должно во периодот од 30 дена да ги вработи сите работници сметано од денот на првото вработување на работник на неопределено време во друштвото, во спротивно не го стекнува статусот на заштитно друштво и наредните три години не може да работи како заштитно друштво, во кој рок основачот или член на неговото потесно семејство не може да основа ново заштитно друштво.

(2) Заштитното друштво не го губи статусот на заштитно друштво ако не ги исполнува условите од став (1) на овој член до 60 дена непрекинато.

(3) Доколку заштитното друштво не ги исполнува условите од член 14 од овој закон повеќе од 60 дена непрекинато го губи статусот на заштитно друштво и наредните пет години не може да работи како заштитно друштво, во кој рок основачот или член на неговото потесно семејство не може да основа ново заштитно друштво.

## Глава IV
## ПОСЕБЕН ФОНД ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Член 17

(1) Заради финансирање на работите за подобрување на условите за вработување, самовработување и работење на лица со инвалидност, професионална рехабилитација на лицата со инвалидност, адаптација на работно место и набавка на опрема се основа посебен фонд за подобрување на услови за вработување и работење на лица со инвалидност ( во натамошниот текст: Посебен фонд).

(2) Посебниот фонд се финансира од:

- средства кои се уплаќаат од придонесот за вработување во висина од 10% , најдоцна до крајот на тековниот месец за претходниот ;

- средства по основ на паричен надоместок кој работодавачите го плаќаат доколку не вработат лице со инвалидност согласно овој закон;

- донации и подароци,

- други извори.

Средствата на посебниот фонд се водат на потсметка во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

(3) Со средствата на посебниот фонд од став (2) на овој член управува Комисија од седум члена кои ги именува Владата на Република Македонија за време од три години. Во составот на Комисијата има претставници од: Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија ( во натамошниот текст: Агенција), Организација на работодавачите на Македонија, Национален Совет на инвалидски организации на Македонија, репрезентативен синдикат член на Економско социјалниот совет и претставник на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

(4) Начинот за доделување на средства од Посебниот фонд, начинот на одлучување и работа на Комисијата од став (2) на овој член се утврдува со уредба која ја донесува Владата на Република Македонија.

(5) Комисијата од став (2) од овој член со корисникот на средствата од посебниот фонд склучува договор за користењето на средствата.

(6) Адмистративно –техничките работи на Комисијата од став (3) на овој член ги врши Агенцијата.

(7) Неискористените средства од став (2) на овој член може да се користат за вработување на лица во социјален ризик по претходна одлука на Владата на Република Македонија.

Член 18

(1) Инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец-поединец, работодавач и заштитно друштво поднесува барање за доделување на средства од Посебниот фонд до Комисијата од член 17 став (3) на овој закон.

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика

(3) На правно лице кое не е заштитно друштво, може да му се доделат средства од Посебниот фонд за адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидното лице. Висината на средствата се определуваат во зависност од видот и степенот на инвалидноста на вработеното лице со инвалидност најмногу до 200.000 денари.

(4) На заштитно друштво може да му се доделат средства од Посебниот фонд за нововработено инвалидно лице на неопределено време, адаптација на работно место на кое работи инвалидното лице. Висината на средствата се определуваат во зависност од видот и степенот на инвалидноста на ново вработеното лице со инвалидност, најмногу до 300.000 денари.

(5) На инвалидно лице од членот 2 став (1) на овој закон кога самостојно врши дејност како трговец поединец може да му се доделат средства од Посебниот фонд за негово вработување на неопределено време најмногу до 300.000 денари.

(6) Комисијата од член 17 став (3) на овој закон донесува решение за доделување на средствата од Посебниот фонд по претходно извршена контрола кај работодавачот, заштитното друштво или самовработеното лице дека е извршена адаптација на работно место на кое ќе работи лицето со инвалидност, односно е склучен договор за работно оспособување или професионална рехабилитација со тоа лице.

(7) Против решението донесено во прв степен, подносителот на барање има право на жалба до министерот за труд и социјална политика, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(8) Средствата од став (3), (4) и (5) на овој став се користат единствено за целта за која се доделени.

## ГЛАВА V
## Поволности за вработување на лица со инвалидност
### Член 19

(1) Вработеното инвалидно лице кај кое е утврдена инвалидност во смисла на членот 2 став (1) од овој закон се ослободува од плаќање на персонален данок од доход.

(2) Средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за лицата од став (1) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(3) Буџетот на Република Македонија за намените од ставот (2) на овој член, средствата ги обезбедува најмногу во висина на придонесите на една просечна бруто плата исплатена во Република Македонија во претходната година. За разликата од платата која го надминува овој износ, средствата за придонеси ги плаќа работодавачот.

(4) Одредбите од став (1), (2) и (3) на овој член се однесуваат и за самовработените лица со инвалидност.

### Член 20

(1) Вработените во заштитното друштво кои не се инвалидни лица се ослободуваат од плаќањето на персонален данок од доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на Република Македонија, најмногу до една просечна бруто плата исплатена во Република Македонија во претходната година. За разликата од платата која го надминува овој износ, средствата за придонеси ги плаќа работодавачот.

(2) Заштитните друштва се ослободуваат од плаќање на данок од добивка и сите давачки од добивката.

АЛТЕРНАТИВА 1 на став 1

(3) Вработените во заштитното друштво кои не се инвалидни лица и се вработени на неопределено време се ослободуваат од плаќањето на персонален данок од доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на Република Македонија најмногу до една просечна бруто плата исплатена во Република Македонија во претходната година, за период од една година сметано од денот на нивното вработување во тоа заштитно друштво.

(4) По истекот на периодот од став (1) на овој член заштитно друштво плаќа придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход во висина од 50% од основицата на која се пресметуваат социјалните придонеси, по што престанува ослободувањето од плаќањето на социјалните придонеси и персоналниот данок на доход.

АЛТЕРНАТИВА 2 на став 1

(3) Вработените во заштитното друштво кои не се инвалидни лица и се вработени на неопределено време се ослободуваат од плаќањето на персонален данок од доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на Република Македонија најмногу до една просечна бруто плата исплатена во Република Македонија во претходната година, за

период од една година сметано од денот на нивното вработување во тоа заштитно друштво.

(4) По истекот на рокот од став (1) на овој член ослободувањето од плаќањето на персонален данок од доход и придонес за пензиско и инвалидско осигурување изнесува 80%,во траење од една година.

(5) По истекот на рокот од став (2) ослободувањето од плаќањето на персонален данок од доход и придонес за пензиско и инвалидско осигурување изнесува 60%, во траење од една година.

(6) По истекот на рокот од став (3) ослободувањето од плаќањето на персонален данок од доход и придонес за пензиско и инвалидско осигурување изнесува 50%.

Член 21

(1) Доколку на вработеното лице со инвалидност за кое се користени средства му престане работниот однос по која било основа или работодавачот го намалил бројот на вкупно вработените инвалидни лица од членот 14 став (1) од овој закон на неопределено време, истиот е должен во рок од осум дена од денот на настанатата промена да ја извести Агенцијата.

(2) Доколку на инвалидното лице за кое се користени средства, не по негова вина и волја му престане работниот однос пред истекот на рокот од три години од денот на доделување на средствата, корисникот на средства е должен во рок од три месеци на негово место да вработи друго инвалидно лице без право повторно да користи средства за вработување на инвалидното лице.

(3) За вработување на инвалидно лице од членот 2 став (1) на овој закон за кое се користени средства за вработување од Посебниот фонд, при повторно вработување новиот работодавец не може да користи средства од Посебниот фонд за вработување на инвалидното лице пред истекот на пет години сметано од денот на засновањето на новиот работен однос.

(4) За инвалидно лице на кое работниот однос му престанал не по негова вина и за кое работодавецот ги повратил средствата во Посебниот фонд, средства за негово повторно вработување може да се користат и пред истекот на рокот од став 3 на овој член.

(5) Корисникот на средства за вработување на инвалидно лице кој нема да вработи друго инвалидно лице на местото на инвалидното лице на кое му престанал работниот однос, во смисла на ставот 2 од овој член, или вакво право остварил врз основа на неточни податоци, должен е средствата да ги врати на Посебниот фонд во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на состојбата во цел износ зголемени за банкарска камата на средства по видување.

(6) Ако работодавецот го намалил бројот на вкупно вработените инвалидни лица од членот 2 став (1) на овој закон на неопределено време од денот на влегување во сила на овој закон, а за чие вработување се користени средства од Посебниот фонд, а на нивно место прими нови инвалидни лица, не може да користи средства за вработување за ново примените инвалидни лица.

(7) Корисникот на средствата на кој со решение му се доделени средства од Посебниот фонд врз основа на неточни податоци за кои знаел или морал да знае дека се неточни, односно на друг противправен начин го остварил правото на доделени средства од Посебниот фонд, е должен во рок од 60 дена да ги врати примените средства и да ја надомести евентуалната штета.

(8) Примената на одредбите од овој член ги следи Комисијата од член 16 став (3) на овој закон.

Глава VI

## ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Член 22

Постапка и услови за остварување на право на професионална рехабилитација

Професионалната рехабилитација во смисла на овој закон е збир на мерки и активности кои што се изведуваат со цел оспособување на лице со инвалидност за работа на соодветно работно место, негово вработување, задржување на постојното работно место или промена на занимање.

Член 23

Професионалната рехабилитација во смисла на овој закон ги опфаќа следните мерки и активности:
1) утврдување на преостанатите работни способности
2) професионално информирање, советување и проценка на професионалните можности и способности, поради избор на занимање, програма за оспособување и вработување;
3) анализа на пазарот на труд, можност за вработување и вклучување на лице со инвалидност во работниот процес
4) проценка на можностите за изведување, развој и усовршување на програми за професионална рехабилитација;
5) работно оспособување, доквалификација, преквалификација и програми за одржување и усовршување на работните и социјални вештини и способности во функција за подготовка за вработување;
6) изработка на план за потребната опрема и средства за работа;
6) информирање и советување за примена на различни технологии и техники за учење и работа;
7) поединечни и групни програми за вклучување на лицето со инвалидитет во заедницата;
8) професионално учење, планирање и примена на одбраните технологии;
9) развој на мотивација и оспособување на лицето со инвалидитет во користењето на одбраната технологија;
10) едукација и тренинг семинари за работодавачите, стручните лица за работно оспособување и професионална рехабилитација и други лица;
11) прилагодување на работно место за лице со инвалидност;
12) стручна помош и следење на лице со инвалидност по вработувањето, со цел за негово ефикасно вклучување во работната средина, задржување на работното место и напредување;
13) информирање и поддршка за извори на финансирање.

Член 24

(1) Времетраењето на професионалната рехабилитација зависи од преостаната работна способност на лицето со инвалидност и начинот на нејзината организација и изведување.

(2) Професионалната рехабилитација на лица со инвалидност се организира и изведува во: отворени граѓански универзитети за доживотно учење, јавни установи за заштита и рехабилитација, средни стручни училишта, специјални училишта, заштитни

трговски друштва за вработување на лица со инвалидност, работодавач или други правни субјекти со прилагодени или приспособени програми и кои што ги исполнуваат условите за вршење на мерки и активности за професионална рехабилитација.

(3) Поблиските услови, критериуми и стандарди за спроведување на мерки и активности за професионална рехабилитација ги пропишува министерот за труд и социјална политика по претходна согласност на министерот за здравство и министерот за образование и наука.

Член 25

(1) Мерките и активностите за професионална рехабилитација ги спроведува носителот на професионална рехабилитација од член 24 став (2) од овој закон врз основа на програма која содржи:

1) опис на работите и поединечни операции;

2) начин на практично и теоретско изведување на работите и поединечните операции;

3) технички, просторни, програмски, кадровски и организациски услови и

4) траење на професионалната рехабилитација

(2) За спроведување на мерките и активностите за професионална рехабилитација од член 23 од овој закон носителот на професионална рехабилитација треба да добие одобрение од министерството за труд и социјална политика кое се издава по претходно мислење на органот надлежен за безбедност и здравје при работа , институцијата надлежна за стручно образование на возрасни и Национален Совет на инвалидски организации на Македонија.

(3) За извршената професионална рехабилитација носителот на професионална рехабилитација издава уверение.

## Глава VIII

## ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Член 26

(1) Барањето за утврдување на инвалидност од член 2 на овој закон како барање за професионална рехабилитација може да поднесе лицето со инвалидност, работодавачот, родител или старател или надлежен стручен орган до филијалата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ( во натамошниот текст: Фондот) според местото на живеење или осигурување на барателот.Кон барањето професионална рехабилитација се приложува наод и мислење за утврдена инвалидност односно намалена работна способност.

(2) Решение по барањето за инвалидност и работите кои може да ги извршува инвалидното лице како и за правото на професионална рехабилитација донесува донесува месно надлежнаат филијала на Фондот а врз основа на наодот донесен од Комисија за оцена на работната способност на Фондот.

(3) Против решението од став (2) на овој член подносителот на барањето има право на жалба до министерот за труд и социјална политика , во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(4) Во постапка за решавање за правата и обврските кои произлегуваат од овој закон ќе се применуваат прописите за општа управна постапка.

Член 27

(1) Средствата за професионална рехабилитација на лице со инвалидност со намалена работна способност настаната поради повреда на работа или професионална болест , настанати по стапување на сила на овој закон, ги обезбедува работодавачот кај којшто лицето со инвалидност е во работен однос во време на настанувањето на повредата или професионалната болест

(2) Средствата за професионална рехабилитација на останатите лица со инвалидност се обезбедуваат од посебниот фонд.

(3) Вработеното лице со инвалидност за време на професионална рехабилитација има право на отсуство од работа и не може да му престане работниот однос поради отсуство од работа кое настанало за време на траење на професионалната рехабилитација .

(4) Вработеното лице со инвалидност за време на професионална рехабилитација има право на надоместок на плата во висина на во висина од 80% од пензиската основа за определување на инвалидската пензија согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување .

(5) Невработено лице со инвалидност за време на професионалната рехабилитација не заснова работен однос.

(6) Невработено лице со инвалидност кое е вклучено во мерките и активностите од член 23 точка 5 од овој закон има право на парична помош за време на траење на програмата во висина од 30% од минималната плата утврдена со закон, доколку професионалната рехабилитација се одвива од најмалку 100 часа и доколку лицето со инвалидност не е корисник на паричен надоместок за време на невработеност или социјална парична помош.

Член 28

Заради остварување на заеднички цели и задачи во унапредувањето на вработувањето на инвалидни лица во заштитните друштва, овие друштва основаат Заедница на заштитни друштва (во натамошниот текст: Заедница), како стопанска интересна заедница согласно со Законот за трговските друштва.

## Глава IX

## НАДЗОР НА НАМЕНСКО ТРОШЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСЕБНИОТ ФОНД

Член 29

(1) Комисијата од член 17 став (3) на овој закон квартално поднесува извештај до Владата на Република Македонија за остварените средства по сите основи и за вкупно остварените средства во Посебниот фонд од членовите 17 став (1) и 18 од овој закон, како и за доделувањето на средствата од Посебниот Фонд согласно со овој закон.

(2) Управата за јавни приходи, Државниот инспекторат за труд и Агенцијата на секои шест месеци поднесуваат извештај до Владата на Република Македонија за извршените контроли во однос на примената на одредбите на овој закон.

(3) Доколку се утврди ненаменско користење на средствата од член 18 став (4), (5) и (6) на овој закон, Комисијата со решение поведува постапка за поврат на доделените средства.

Член 30

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за труд и социјална политика.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на посебните услови за вработување и работење на инвалидното лице врши Државниот инспекторат за труд.

## Глава X

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 31

(1) Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавач доколку не уплати паричен надоместок од член 8 став (2) од овој закон

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавач доколку постапи спротивно на членовите 2 став (7) , 5 став (5), 9 став (2), 11 став (5),18 став (3) и 21 став (1), (2), (5), (6), (7) и (8) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавач доколку не достави доказ за исполнување на условот за вработување на лице со инвалидност од член 7 став (5) од овој закон

(4) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1), (2) и 3 на овој член и на одговорното лице кај работодавачот.

### Член 32

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок заштитното друштво ако не ги исполнува условите од членот 13 став (1) или постапи спротивно на член 11 став (5) и член 18 став (4) од овој закон

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во заштитното друштво.

### Член 33

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок самовработено доколку постапи спротивно на член 18став (5) од овој закон.

### Член 34

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на член на Комисија од член 18 на овој закон доколку постапи спротивно на членовите 17 став (5) и 18 став (6) од овој закон.

### Член 35

Кога доктор специјалист кој учествува во постапката за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, во своето работење неосновано утврди постоење на инвалидност или не пријави невистинита, односно погрешна медицинска документација, тоа претставува повреда на обврските утврдени со закон и основа на престанок на работниот однос со отказ.

### Член 36

Лице кое издало погрешна или невистинита медицинска документација, неосновано утврдило постоење на инвалидност или не пријавило инвалидност, или доставило невистинита медицинска документација, ќе одговара за кривично дело и ќе биде казнето согласно со Кривичниот законик.

## Глава XI

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 37

Започнатите постапки пред денот на влегувањето на сила на овој закон ќе се завршат според одредбите на овој закон.

### Член 38

Подзаконските акти чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена  од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 39

Со денот на отпочнувањето на примена на овој закон престанува да важи Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" бр. број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009 и 136/2011).

### Член 40

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија а ќе се применува од 1 јануари 2015 година освен одредбите од членовите 7,8, 12, 14, 15, 16, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОС

Во Глава I од законот се уредува дефиницијата на лице со инвалидност и начелата на коишто се заснова овој закон. Со новиот предлог закон дефиницијата на инвалидноста е насочена кон два сегмента:

- пред се кон утврдување дали се работи за лице со инвалидност со трајни телесни, сетилни, ментални или интелектуални оштетувања
- спреченоста на лицето поради овие оштетувања да учествува целосно и ефективно во општеството на еднаква основа со другите граѓани.

Во Главата II се уредува квотниот систем за вработување на лица со инвалидност. Имено, се предлага секое претпријатие (од јавен и приватен сектор) кој има над 35 вработени да има обврска да вработи по едно лице со инвалидност. Се предлага квотата да изнесува од 2% до 6% од вкупниот број на вработени, во зависност од дејноста која ја врши работодавачот.

При вработувањето работодавачот нема обврска да се води од видот и степенот на инвалидност, односно може да вработи лица кои се дефинираат како лица со инвалидност. Изборот на лицето кое ќе се вработи ја врши самата компанија ( работодавач). За исполнување на обврската за вработување на лица со инвалидност кај работодавач се засметуваат вработените лица со инвалидност, учениците со пречки во развојот и студенти со инвалидност на пракса кај работодавачот, лица со инвалидност на работно, односно стручно оспособување за работа без засновање на работен односно , најмногу до шест месеци и лица со инвалидност чии што редовно образование го стипендира работодавачот.

Доколку претпријататијата вработат повеќе лица од предвидениот минимум добиваат награди во вид на парична награда за исплата на плати на лицата со инвалидност.

Доколку фирмите не вработат лице со инвалидност, а имаат обврска, ќе плаќаат паричен надоместок во висина од 70% од минималната плата (во бруто износ) односно 9.198,00 денари (13.140,00 денари е бруто минимална плата за 2014 година).

Средствата од овој надоместок ќе се уплаќаат во посебен фонд и ќе се користат за професионална рехабилитација на лицата со инвалидност, стручно оспособување на лицата со инвалидност, финансиска поддршка на компаниите кои ќе вработат лица со инвалидност во однос на адаптација на работното место, стручно оспособување на рботниците и др.

Преку воведување на квотниот систем за вработување на лица со инвалидност се овозможува адекватна социјална инклузија на лицата со инвалидност, бидејќи тие работници под исти услови ќе конкурираат на активниот пазар на труд и ќе работат под исти услови како и останатите работници. Истовремено, компаниите стануваат општествено одговорни бидејќи вработуваат лица со инвалидност.

Во Главата III се уредува работењето заштитните трговски друштва. Се предлага заштитните друштва да се основаат и работат под истите услови како и досега сега, односно како трговски претпријатија. Заштитно друштво може да се основа и да работи како заштитно друштво ако вработува најмалку десет лица на неопределено време од кои најмалку 40% се инвалидни лица од вкупниот број на

вработени, од кои најмалку половината се лица со утврдена телесна, сетилна, ментална или интелектуална инвалидност.
Новина е тоа што статусот на заштитно друштво ќе го утврдува Агенцијата за вработување. Исто така, Агенцијата ќе врши контрола дали заштитното друштво ги исполнува законските услови во однос на број на вработени и вработени на лица со инвалидност.
На заштитно друштво, може да му се доделат средства од Посебниот фонд за адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидното лице. Висината на средствата се определуваат во зависност од видот и степенот на инвалидноста на вработеното лице со инвалидност најмногу до 300.000 денари. Средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за лицата со инвалидност се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, најмногу во висина на придонесите на една просечна бруто плата исплатена во Република Македонија во претходната година.

Во Главата IV се уредува работата на Посебниот фонд. Заради финансирање на работите за подобрување на условите за вработување, самовработување и работење на лица со инвалидност, професионална рехабилитација на лицата со инвалидност, адаптација на работно место и набавка на опрема се основа посебен фонд за подобрување на услови за вработување и работење на лица со инвалидност Како и во досегашната примена на Законот за вработување на лица со инвалидност и со новиот закон се предлага да постои Посебен фонд. Се предлага со средствата на посебниот фонд да управува Комисија од седум члена кои ги именува Владата на Република Македонија за време од три години. Во составот на Комисијата има претставници од: Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Организација на работодавачите, Национален Совет на инвалидски организации на Македонија, репрезентативен синдикат член на Економско социјалниот совет и генералниот секретар на Владата на Република Македонија.
Се предлага средствата на посебниот фонд да се водат на потсметка во: Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Главата V ги регулира поволностите за вработување на лица со инвалидност. Имено, на правно лице кое е заштитно друштво, може да му се доделат средства од Посебниот фонд за адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидното лице. Висината на средствата се определуваат во зависност од видот и степенот на инвалидноста на вработеното лице со инвалидност најмногу до 300.000 денари.
Средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за лицата со инвалидност се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, најмногу во висина на придонесите на една просечна бруто плата исплатена во Република Македонија во претходната година.
На правно лице кое не е заштитно друштво, може да му се доделат средства од Посебниот фонд за адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидното лице. Висината на средствата се определуваат во зависност од видот и степенот на инвалидноста на вработеното лице со инвалидност најмногу до 200.000 денари.
Средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за лицата со инвалидност се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, најмногу во висина на придонесите на една просечна бруто плата исплатена во Република Македонија во претходната година.
На инвалидно лице кога самостојно врши дејност како трговец поединец може да му се доделат средства од Посебниот фонд за негово вработување на неопределено време најмногу до 300.000 денари.

Новина во законот претставува законското уредување на професионалната рехабилитација на лицата со инвалидност која е опфатена со одредбите од Глава VI .

Професионалната рехабилитација на лицата со инвалидност содржи: утврдување на работна способност и проценка на психолошка, ментална и социјални способност на лицето со инвалидност ; психо-социјална поддршка и помош за насочување на лицето со инвалидност на соодветна програма за развој на работна и социјална мотивација, анализа на работно место, материјали за работа и работна средина, и препорака за адаптација на работно место, изработка на индивидуален план за работа, работно оспособување, доквалификација, преквалификација на лицето со инвалидност за соодветно занимања /работно место согласно потребите на отворениот пазар на труд и професионалните способности на лицето со инвалидитет и др.За почеток се предлага професионалната рехабилитација да се врши во отворени граѓански универзитети за доживотно учење, јавни установи за заштита и рехабилитација, средни стручни училишта, специјални училишта, заштитни трговски друштва за вработување на лица со инвалидност, работодавач или други правни субјекти со прилагодени или приспособени програми и кои што ги исполнуваат условите за вршење на мерки и активности за професионална рехабилитација.
Професионалната рехабилитација ќе се реализира по претходно одобрен план и мерки за релаизација на истата и ќе се финансира од посебниот фонд. Средствата за професионална рехабилитација на лице со инвалидност со намалена работна способност настаната поради повреда на работа или професионална болест, настанати по стапување на сила на овој закон, ги обезбедува работодавачот кај којшто лицето со инвалидност е во работен однос во време на настанувањето на повредата или професионалната болест.

Со Глава VII с е уредува постапката за утврдување на инвалидноста и професионалната рехабилитација. Постапката започнува со барање до филијалата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување по што се врши утврдување на статусот на инвалидно лице од Комисијата за оцена на работната способност. Новина е што наместо наод, оценка и мислење за утврдената инвалидност на лицето ќе му се издава управен акт- решение , односно се воспоставува управна постапка и во овој дел.

Главата VIII и IX се однесуваат на надзорот на спроведување на законот и прекршочни одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предлог Законот за вработување на лица со инвалидност содржи одредби кои се меѓусебно поврзани.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предлог со Законот за вработување на лица со инвалидност содржи решенија кои се насочени кон искористување на работната способност на лицата со инвалидност и нивна соодветна конкурентност на отворениот пазар на труд.